Врз основа на член 8 став (5) од Правилникот за лиценци ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51/19 и 54/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на 15 март 2019 година објавува

# СООПШТЕНИЕ

Друштвото за производство, трговија и услуги ГПОИЛ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Ѓорѓија Пулевски бр. 30/1 Скопје-Центар, на 12 март 2019 година поднесе до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија Барање за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со Еуродизел БС (Д-Е V), Еуросупер БС 95, Екстра лесно 1 (ЕЛ-1) и Течен нафтен гас (ТНГ). Лиценцата чие менување е побарано е издадена со Одлука УП1 Бр. 11-175/14 од 18.11.2014 година и изменета со Одлука УП1 бр. 11-175/14 од 21.07.2017 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 171/14 и 102/17).

Менувањето е побарано поради промени во начинот на кој што се врши енергетската дејност согласно издадената лиценца. Друштвото е со намера повеќе да не врши трговија на големо со нафтениот дериват Екстра лесно (ЕЛ-1) и побара капацитетот за резервоарот од 100 $m^3$ предвиден за Екстра лесно (ЕЛ-1) да не биде наведен во лиценцата.

Со почит,

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги
на Република Северна Македонија

Ул. Македонија, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk